# Усвоена Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборните процеси

**Скопје, 05.01.2016** – Согласно обврската утврдена во Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик, кој стапи на сила на 10 ноември 2015 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на денешната седница **ја донесе Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси.**

Воедно, беше констатирано дека Агенцијата нема да врши надзор врз изборното медиумско претставување на интернет порталите, бидејќи не постојат предуслови за тоа.

Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување и ставот на Агенцијата можете да ги преземете на следните линкови:

Методологија за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборните процеси.

Став на Агенцијата за обврската да врши надзор врз изборното медиумско претставување на интернет порталите